# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП

## ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ

### КАТЕДРА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (ФИТОМЕДИЦИНА)


# ***ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ПОВРШИНИ***

---

III СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА

„КРИТИЧНИ ПРАШАЊА ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“


*Студент: Михаилов Стефан,*

*Ментор: Проф. д-р Арсов Емилија*


*11.11.2022 г.*

# ВОВЕД

- Хортикултурата доаѓа од латинските термини hortus (градина) и cultura (одгледување). Тоа е единствената наука за растенијата која ги вклучува науката и естетиката на растенијата.
- Одгледувањето и грижата за растенијата, искористувањето на земјоделското земјиште од една страна е многу важно за опстанокот на човекот. Денес се повеќе се става акцент и на уредувањето на дворните и парковите површини.
- Улогата на зеленилото во нашето живеење е мошне комплексна и богата и поради тоа заслужува посебно внимание и љубов. Ако сакате да уживате во убавиот двор, треба да го украсувате и одржувате постојано. Постојат многу креативни начини и интересни идеи на уредување и украсување, кои ќе му дадат одлична естетика на дворот.

# ВОВЕД

## Хортикултурното уредување на површините се состои од неколку процеси или фази:

- **Подготовка на теренот**: фрезирање, чистење на терен, рамнење на површината;
- **Проектирање на теренот;**
- **Поставување (вградување) на систем за наводнување**;
- **Садење на растенија;**
- **Сеење на површината, сеење трева;**
- **Покривање и валирање;**
- **Одржување и уредување со декоративни елементи.**

# Подготовка на теренот и проектирање

- Подготовката на теренот е почеток на процесот на уредување на површините. Се состои од: фрезирање, отстранување на остатоци од дрвја, камења и отпад во земјата , овие постапки се применуваат се додека не се добие прикладна работна површина, а потоа следува рамнење на површината (теренот);
- **ПРОЕКТИРАЊЕ -** Го посетуваме вашиот објект што треба да биде пејзажно дизајниран, ја забележуваме постоечката состојба, правиме слики, земаме мерки за подоцна изработката да биде изработен во склад со желбите и потребите на клиентот.





# СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

- Наводнувањето е неопходно за секое растение. Системот за наводнување е особено важен бидејќи од природата растенијата не добиваат доволни количина вода, затоа преку системот тревникот и останатите растенија добиваат оптимални количества вода, а притоа и нема прекумерно трошење на истата.

- Цревата и прскалките за тревникот се под земја и не сметаат во одржување на тревникот, прскалките при полевањето излегуваат над земјата, а кога ќе завршат со полевањето се враќаат назад. Системот за наводнување на дворот/ градината ни овозможува да го поставиме времето на полевање соодветно со потребата на растенијата за вода, метеролошките услови и својства на почвата, а може да се контролира преку смарт апликации.





# Сеење на површината, садење на растенија и покривање

- Најидеален период за сеење на семето на тревата е во пролет и есен, бидејќи временските услови се најпогодни за најбрзо вкоренување. Потоа, семето се покрива со земја, валирање и се очекуваат први резултати од сеидбата за 10-14 денови.







# СЕРВИС И ОДРЖУВАЊЕ

Под мерки за одржување на зелените површини се подразбираат сите мерки за одржување на растенијата по нивното садење. Во мерките за одржување спаѓаат: плевење, ѓубрење, чистење од отпадоци, кроење (кастрење, обликување) на дрвјата и грмушките, косење на тревник, заштита од ветер (фиксирање), од штетници и животни и сл.

- Одржување на дворови и површини;
- Еднократно средување на дворови;
- Сечење и отстранување на големи дрвја;







# УРЕДУВАЊЕ СО ДЕКОРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ

- Уредувањето со декоративни елементи е креативен процес и дозволува слобода, со цел просторот да се облагороди , а сепак да остане функционален.







# ЗАКЛУЧОК

- Хортикултурното уредување на паркови површини е комплексен процес кој вклучува во себе повеќе етапи, машини, макотрпна работа и креативност. Но, финалната глетка и задоволните клиенти се доволен мотив за наредни проекти , креативност и усовршување .





## УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
### ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ
### КАТЕДРА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (ФИТОМЕДИЦИНА)

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

***СИТЕ ФОТОГРАФИИ ВО ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА СЕ МОИ АВТОРСКИ ДЕЛА**